„Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Kёshilli I komunës Shuto Orizari„
„Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut„

Бр- No-Nr.08-109/12
24.01.2020 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари'' бр.1/97), Советот на општина Шуто Оризари на својата 25-та седница на Советот на Општина Шуто Оризари, одржана на 24.01.2020 год, донесе:

# О Д Л У К А
**за усвојување на**
## ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

член 1

Се усвојува Програмата за работењето на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020.

член2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари''.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Фатима Османовска

,,Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година во општина Шуто Оризари,,

,,Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari,,
,,Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut,,

Бр- No-Nr. 08-109/12
24.01.2020 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

**Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година**

Програмата за работа на комисијата за еднакви можности на општина Шуто Оризари опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредувањето на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.

Концептот на еднакви можности на мажите и жените се уште претставува прашање што се проблематизира со оглед на фактот дека еднаквоста на жените според традиционалните сфакања подразбира „правото на жената да биде еднаква со мажот.

Имено жените се уште се соочуваат со нееднаквости во однос на можностите за вработување, добивање плата, пристап до правото на здравје и неговото остварување, правото во бракот и семејството и.т.н

Суштествен документ кој на сеопфатен начин ги регулира правата на жената и родовата еднаквост претставува Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената.

Основни принципи на оваа конвенција се: принципот на еднаквост, недискриминацијата и принципот на обврската на државата. Имено политиката на остварувањето на еднаквите можности на мажите и жените треба да овозможи еднакво учество, услови, статус и третман во остварување на правата во сите области на општественото живеење.

Воспоставување на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање на услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.

Со цел континуирано подобрување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење и заштита и спречување од дискриминација на територијата на општина Шуто Оризари.

# „Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година во општина Шуто Оризари„

Комисијата за еднакви можности при Советот на општината изготви Програма за работа како рамка преку која организирано и плански ќе се дејствува во насока на родовата рамноправност и дискриминација.

Клучни области на кои треба да се насочат активностите во 2019 година за воведување на родова рамноправност се:

- Човекови права;
- Жената и пазарот на труд;
- Поттикнување на еднакви можности на мажите и жените во одлучувачките процеси;
- Родово буџетски иницијативи на општината;
- Социјалната и здравствената заштита.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

| Приоритетни области | Цели | Одговорно лице/органи | Активности |
|---|---|---|---|
| **Заштита и спречување на дискриминација во воспитно – образовниот процес** | - Подигање на свеста кај наставниците и учениците од основните училишта за Дискриминација;<br>- Доусовршување и граадење на капацитетите на стручните служби во училиштата за заштита и спречување на дискриминација;<br>- Анализирање на состојбите во училиштата при дискриминација;<br>- Следење на работата на наставниците во воспитно – образовниот процес; | - Комисија за еднакви можности;<br>- Координатор за еднакви можности;<br>- Заменик координатор за еднакви можности;<br>- НВО;<br>- МТСП; | -кампања за подигање свест кај наставниците и учениците за недискриминација;<br>-организирање обуки на стручните служби во училиштата за заштита и спречување на Дискриминација<br>- формирање на тим за детекција на случаеви при дискриминација;<br>-изработка на промотивен материјал;<br>- едукативни работилници за дискриминација на учениците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | и наставниците;<br><br>- евалуација. |
| **Жената и пазарот на труд** | - Информирање и подигање на свеста кај невработените жени за нивните права;<br><br>- Да се подигне нивото на знаење кај вработените жени за нивните права и законот за работни односи;<br><br>- Да се подигне соработката меѓу јавниот и приватен сектор; | - Комисија за еднакви можности;<br><br>- Координатор за еднакви можности;<br><br>- Заменик координатор за еднакви можности;<br><br>- НВО;<br><br>- Агенција за вработување;<br><br>- Инспектори за Синдикатот; | - кампања за подигање свест на жените за недискриминација;<br><br>-организирање на јавни трибини за жените кои се во работен однос за законот за работни односи;<br><br>- спроведување на анкета во приватниот и јавниот сектор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поттикнување на еднакви можности на мажите и жените во одлучувачките процеси** | - Креирање и формирање на тим од преставници на општината,приватни от сектор и НВО сектор;<br><br>- Потикнување на граѓаните да се вклучат во одлучувачките процеси во јавниот и приватен сектор;<br><br>- Да се подобри и подигне соработка меѓу општината со приватниот сектор и НВО; | - Комисија за еднакви можности;<br><br>- Координатор за еднакви можности;<br><br>- Заменик координатор за еднакви можности;<br><br>- Приватен сектор ;<br><br>- НВО; | - организирање на информативни состанoци и трибини за еднакви можности на мажите и жените во одлучувачките процеси;<br><br>- организирање на кампањи за вклучување на граѓаните;<br><br>- соработка со инситуциите , приватниот сектор и НВО; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Социјалната заштита** | - Мапирање и анализа на состојбите на жените од општина Шуто оризари;<br>- Мапирање и анализа на состојбите на старите изнемоштени лица;<br>- Мапирање и анализа на состојбите кај населението од руралните средини;<br>- Мапирање и анализа на состојбите кај населението за семејно насилство;<br>- Подигање на свеста кај населението за еднакви права на лицата со посебни потреби; | - Комисија за еднакви можности;<br>- Координатор за еднакви можности;<br>- Заменик координатор за еднакви можности;<br>- Центар за социјални работи;<br>- Црвен крст;<br>- МТСП;<br>- НВО; | - подготовка на студија за социјална заштита на жените од општина Шуто Оризари;<br>- подготовка на студија за состојбите на старите изнемоштени лица;<br>- подготовка на студија за состојбите на населението во Горно и Долно Оризари;<br>- подготовка на студија за состојбите кај населението за семејно насилство; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - организирање на акции за социјално згрозени семејства;<br>- отварање на центар за бесплатни совети и информации за заштита од семејно насилство ; |
| **Здравствена заштита** | - Да се подобри и подигне степенот за соработка со НВО и здравствените институции ;<br>- Да се формираат тимови за спроведувања на работилниците и трибините со населението;<br>- Мапирање и анализа за здравствената | - Комисија за еднакви можности;<br>- Координатор за еднакви можности;<br>- Заменик координатор за еднакви можности;<br>- Министерство за здравство;<br>- НВО; | - совети и информации од здравствен аспект преку НВО;<br>- спроведување на кампања за малигните заболувања;<br>- работилници и трибини за секслуално пренесливи болести; |